# ЈАВЕН ПОВИК

**ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА ЕКСПЕРТИ/КИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ВОДИЧ ЗА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНАТА СЕКСУАЛНА РАБОТА ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО ПОЛИТИКИТЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПРАКТИКА**

## 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на ден **12.08.2026 година**, објавува Јавен повик за избор на двајца експерти/ки за изработка на водич за разграничување на доброволната сексуална работа од трговијата со луѓе во политиките и институционалната практика, а со цел подобро адресирање на потребите на самоидентификуваните сексуални работници/чки, особено во борбата против трговијата со луѓе и сексуалната експлоатација.

Овој ангажман се реализира во рамки на проектот **„Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуално насилство и трговија со жени и девојки“** поддржан од UN Trust Fund to End Violence against Women. Крајната цел на проектот е самоидентификуваните сексуални работници во Северна Македонија кои се жртви на или се изложени на ризик од сексуално насилство, експлоатација и трговија со луѓе, да имаат поголема слобода на дејствување, безбедност и пристап до правда.

Повеќе за проектот може да прочитате на следниов линк: Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки

## 2. Цел на ангажманот

Целта на ангажманот е да се развие сеопфатен, практичен и контекстуално релевантен водич кој ќе им помогне на релевантните институции и други засегнати страни подобро да ги разберат специфичностите на сексуалната работа, клучните разлики помеѓу доброволната сексуална работа и ситуациите на трговија со луѓе и експлоатација, како и да придонесе кон појасна и посоодветна примена на овие разлики во креирањето политики, институционалното постапување и обезбедувањето услуги и поддршка.

## 3. Опис на задачите

За реализација на ангажманот ќе бидат избрани **двајца експерти/ки**, кои ќе работат како експертски тим во координација со проектниот тим на СТАР-СТАР Скопје.

Секој/а од избраните експерти/ки ќе биде ангажиран/а во времетраење од **5 работни дена**. Конкретната распределба на задачите меѓу двајцата експерти/ки ќе биде договорена со СТАР-СТАР Скопје на почетокот на ангажманот.

Кандидатите/ките може да аплицираат индивидуално или заеднички како експертски тим составен од двајца експерти/ки. Во случај на индивидуални апликации, СТАР-СТАР Скопје ќе изврши избор на двајца кандидати/ки кои ќе го формираат експертскиот тим.

Експертскиот тим ќе биде задолжен за:

1. **Спроведување консултации и истражување за подготовка на водичот, кои опфаќаат:**
    - консултации со тимот на СТАР-СТАР Скопје за идентификување на клучните потреби, предизвици и институционални бариери поврзани со разграничувањето на доброволната сексуална работа и трговијата со луѓе;
    - преглед и анализа на релевантната национална законска и институционална рамка, политики, процедури и практики;
    - идентификување на клучните области во кои постои потреба од подобро разграничување помеѓу доброволната сексуална работа и трговијата со луѓе.

2. **Изработка и финализирање на водичот:**

Врз основа на спроведените консултации и истражување, експертскиот тим ќе подготви **нацрт-верзија на водичот**, која треба да опфати:

- основни поими и јасно разграничување на доброволната сексуална работа, сексуалната експлоатација и трговијата со луѓе;
- критериуми и практични насоки за разграничување на доброволната сексуална работа од трговијата со луѓе;
- ризици, индикатори и ситуации кои може да упатуваат на трговија со луѓе и/или сексуална експлоатација;
- насоки за избегнување на поистоветувањето на сексуалната работа со трговијата со луѓе во политиките и институционалната практика;
- релевантната национална законска и институционална рамка;
- практични насоки за институционално постапување, со почитување на правата и специфичните потреби на самоидентификуваните сексуални работници/чки;
- релевантни примери, сценарија и/или студии на случај за полесна практична примена на водичот;
- препораки за подобрување на политиките, процедурите и институционалните практики.

По разгледување на нацрт-верзијата од страна на СТАР-СТАР Скопје, експертскиот тим ќе ги вгради релевантните коментари и препораки и ќе ја подготви и достави

**финалната верзија на водичот**, заедно со кратки заклучоци и препораки за негова понатамошна практична употреба и застапување.

## 4. Очекуван резултат од ангажманот

Главен резултат од ангажманот е финализиран **Водич за разграничување на доброволната сексуална работа од трговијата со луѓе во политиките и институционалната практика**, наменет за релевантните национални засегнати страни во Република Северна Македонија.

Водичот треба да биде практичен, јасен и применлив и да се заснова на националната законска и институционална рамка, релевантните меѓународни стандарди и специфичностите на сексуалната работа во Северна Македонија.

## 5. Период и времетраење на ангажманот

Ангажманот ќе се реализира во периодот од **01.09.2026 до 15.10.2026** година.
Предвидениот ангажман изнесува **5 работни дена** по експерт/ка, односно вкупно **10 експертски работни дена** за реализација на задачите.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да достават финансиска понуда во бруто износ, изразена во американски долари (USD).

## 6. Критериуми за избор

- Најмалку 3 години професионално искуство во истражување, развој на анализи, водичи, прирачници, политики и/или други релевантни документи;
- Силно познавање на темите сексуална работа, трговија со луѓе, сексуална експлоатација и сексуално и родово-базирано насилство;
- Добро познавање на националната законска и институционална рамка релевантна за сексуалната работа и трговијата со луѓе;
- Квалитет на предлог програма/методологија за работа;
- Портфолио/референца од изработени практични водичи, прирачници, политики и/или други слични ресурси за институции и/или професионалци;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство со работа и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува Комисија за евалуација и избор најдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремен ангажман. Условите за ангажманот ќе бидат дополнително усогласени во договор помеѓу двете страни. Доколку комисијата не спроведе избор, јавниот повик може да биде продолжен.

## 8. Потребни документи за аплицирање:

Заинтересираните кандидати/ки може да аплицираат индивидуално или како експертски тим од двајца експерти/ки, поднесувајќи ја следнава документација:

- Кратко мотивациско писмо;
- Професионална биографија (CV);
- Предлог програма/методологија за изработка на водичот;
- Портфолио/референца од претходно изработени водичи, прирачници, анализи, политики и/или други релевантни документи;
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во американски долари (USD).

***** Во случај на заедничка апликација како експертски тим, се доставува една заедничка методологија за работа и финансиска понуда во која одделно ќе биде наведен предложениот бруто надомест за секој/а од двајцата експерти/ки.

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака:
**Јавен повик – Експерт/ка за изработка на водич** на следната електронска адреса: star.contact@yahoo.com

Краен рок за аплицирање: **19.08.2026 година, 17:00 часот.**

Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраните кандидати/ки ќе бидат известени по електронски пат, најдоцна до **24.08.2026** година.

Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје
ул. 11 Октомври 30/5 Скопје | +389(0)2 3232411 | star.contact@yahoo.com
www.starsexwork.org